МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ

# РОДОВИ АСПЕКТИ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ЗАШТИТА НА БЕГАЛЦИ И МИГРАНТИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ПРИРАЧНИК

OXFAM

UN WOMEN
United Nations Entity for Gender Equality
and the Empowerment of Women

**ПОДГОТВИЛЕ:**

Вера Мартиноска

Мартина Смилевска- Кчева

United Nations Entity for Gender Equality and the Empowerment of Women

Прирачникот е изработен со техничка и финансиска поддршка на Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (**UN Women).**

За содржината на прирачникот се одговорни авторите и во никој случај не ги рефлектира позициите на Телото на ОН за родова еднаквост и зајакнување на жените (**UN Women),** Обединетите нации или придружни организации.

# /// ПРЕДГОВОР

Изработката на овој прирачник е овозможена со поддршка од ОКСФАМ Италија во рамките на проектот „Мигрантската и бегалската криза во земјите од Западен балкан“, финансиски поддржан од Агенцијата за жени на Обединетите Нации, имплементиран од Македонското здружение на млади правници.

Проектот во својот фокус ја има заштитата на жените бегалки/мигрантки кои престојуваат во транзитните центри во Република Македонија, како и оние што транзитираат низ територијата на земјата. Имплементирањето на проектот започна на 01.12.2015 година и трае до 15.10.2016 година.

Преку проектот се овозможува правна и психо-социјална поддршка за жени и девојки. Дополнително, како дел од проектот е и поставување на приватен простор за жени, прилагоден на нивните потреби, кој воедно се користи и за гинеколошки и други медицински прегледи и советувања во транзитниот центар Табановце.

Тим составен од едукатори и преведувач, ангажиран од организацијата Отворена Порта Ластрада секојдневно организира разни работилници и неформални курсеви за жените во кампот. Втор тим составен од правник и социјален работник се грижат за потребите на жените бегалки/мигранти.

Во низата активности во рамки на проектот е и одржување на обука за родовите аспекти во обезбедувањето на поддршка на бегалци/ки и мигранти/тки за институциите и невладините организации кои се во прв контакт со бегалките и мигрантките, како и овој прирачник, изготвен од страна на докажани експерти/ки во оваа област.

Целта на прирачникот е да промовира културно и родово сензитивен пристап во постапувањето со бегалци/ки и мигранти/ки, како и да ги унапреди и знаењата и вештините на теренските работници поврзани со родовите аспекти во обезбедувањето на поддршка на бегалци/ки и мигранти/ки.

Од исклучителна важност е теренските работници да бидат запознаени за родови аспекти на обезбедување на заштита на бегалци/ки и мигранти/тки, за да можат да ги препознаат различните форми на ранливости и ризици со кои што се соочуваат овие лица и притоа да бидат во можност да обезбедат соодветна заштита.

Прирачникот претставува едноставна алатка за секојдневна употреба од теренските работници. Истиот произлезе како продолжение на обуката на тема „Родови аспекти во обезбедување на заштита на бегалци и мигранти“, и која овозможува содржините кои ќе бидат презентирани на обуката да ги користат учесниците при своето секојдневно работење, но и да се споделат со останати заинтересирани теренски работници.

Темите кои што се обработени во прирачникот ги рефлектираат потребите за едукација и информирање на теренските работници врз основа на секојдневната работа на Македонското здружение на млади правници во обата транзит центри, со теренските работници на надлежните институции и останатите невладини организации.

Арбен Гудачи

# /// ВОВЕД

Повеќе од еден милион бегалци и мигранти пристигнаа во Европа во текот на 2015 и 2016 година, голем дел преку Западно- балканската рута. Најголемиот број од нив се со потекло од Сирија, Авганистан, Ирак, Пакистан и Еритреа[1]. Сите бегалци се соочуваат со големи тешкок тии, но жените и девојките се меѓу најранливите од оние кои патуваат во ЕУ во потрага по заштита од војната, кршењето на човековите права и немаштијата. Поради полот, тие често се жртви на насилство и дисє криминација.

Суровата реалност за многу жени и девојки кои бегаат од конфликт е дека нивното патување, кое почнува поради насилство, е полно со понатамошно насилство и злоупотреба, вклучувајќи силување и злоупотреба врз основа на полот. Овие жени често страдаат во тишина и го носат тоа страдање со нив во текот на нивните животи. За жал многу од нив остануваат разочарани од систем кој ги заробува во неизвесност и не успева да им помогне да се справат на соодветен начин со нивните лични трауми.

Азилот, како меѓународна заштита, не е родово неутрален и од суштинско значење е нашите закони и политики да го одразуваат тоа, притоа земајќи ги во предвид родовите аспекти во секоја фаза на процесот на азил. За жените и девојките кои бегаат од конфликт, дискриминација и прогон, насилството е секојдневна реалност. Многу жени доживуваат насилство во нивните земји на потекло, транзит и/или по пристигнувањето во земјите кои се нивна крајна дестинација.

Една од главните пречки за безбедноста на жените е недостатокот на безбедени и легални начини да стигнат до посакуваната дестинација. По пристигнувањето, овие жени кои можат да бидат жртви на сексуалт но насилство, трговија со луѓе или други кривични дела, се соочуваат со дополнителни препреки. Притисокот врз системите за азил во Европа, никогаш не треба да биде оправдување за неуспехот во заштитата на жените од насилство, ниту пак треба жените кои бараат азил да искусуваат двојни стандарди - тие треба да ги имаат истите права како и другите жртви на родово засновано насилство.

---

[1] Повеќе за бројот и земјите на потеко на регистрираните бегалци е достапно на: http://data.unhcr.org/mediterranean/regional.php

## /// ЦЕЛ НА ПРИРАЧНИКОТ

Главната цел на овој прирачник е да обезбеди разбирање на основните поими поврзани со родова еднаквост, недискриминација и постапување со жени бегалки/ мигрантки. Неговата намена е да се користи како четиво за подигнување на свеста и сензибилизација на лицата кои се наоѓаат во прв контакт за прифат и првична помош на бегалци/ки и мигранти/ки, како и оние кои обезбедуваат различен тип на услуги за истите.

## /// КАКО ДА СЕ КОРИСТИ

Овој прирачник може да се користи на различни начини и за различни целни групи. Корист од истиот треба да имаат не само жени, туку и мажи, како и членови на невладини организации. Повеќето од поимию те обработени во овој прирачник се поедноставени, како би можеле да бидат разбрани од различни профили на луѓе.

Меѓутоа, во својата позадина имаат концептуални објаснувања и истите може да се користат и подетално, бидејќи главниот извор е наведен. Прирачникот е изработен на македонски јазик и најдобро е да се користи како четиво за разбирање на родовите аспекти на обезбедувањето заштита на бегалци/ки и мигранти/ки, кое помага за примена на сите останати законски и подзаконски акти во Република Македонија, поврзани со правата на жени и девојки.

# /// ОСНОВНИ ПОИМИ

**ПОЛ** е билошка предодреденост.[2] Тоа се биолошки карактеристики кои се вродени и условени од физиолошките, односно репродуктивните функции.

**РОД** се однесува на социјалните особини и можности поврзани со фактот дали едно лице е машко или женско, врската меѓу мажите и жените и девојчињата и момчињата, и односите меѓу жените и меѓу мажите. Овие атрибути, можности и врски се општествено конструирани и научени преку процеси на социјализација. Тие се специфични за контекст и се променливи.

Родот го одредува она што се очекува, она што е дозволено и ценето кај една жена или маж во даден контекст. Во повеќето општества постојат разлики и нееднаквости помеѓу жените и мажите во можностите за носење одлуки, доделените обврски,активности,како и во пристапот до, и контролата врз ресурсите. Родот е дел од еден поширок социо-културолошки контекст.[3]

Од средината на 1980-тите години имало поголем консензус дека одржливиот развој бара разбирање на улогите и одговорностите на жените и мажите во заедницата и нивните односи едни со други. Иако «род и развој» ги вклучува и жените и мажите, сепак, во повеќето случаи фокус е даден само жени, пред се поради нерамнотежа и нееднаков статус на жените во најголем дел од општествата каде што жените не ги имаат истите можности и лична слобода како мажите. Крајната идејата е интегрирање на потребите и перспективите на жените во сите активности од каде произлегува родовата интеграција.

**РОДОВИОТ ИДЕНТИТЕТ** - се однесува на личното чувство и сопствената перцепција на родот, кое може, но и не мора да кореспондира со полот со кој личноста се стекнува при раѓањето. Тука спаѓа и личното чувство за телото (кое може да подразбира промена на физичкиот изглед или телесните функции со помош на медицински, хируршки и други средства), доколку таа промена е по слободен избор, како и други изразувања на родот како облеката, говорот и карактерните црти[4].

---

[2] Упатство за меѓународна заштита: прогонството во однос на полот во контекст на член 1а (2) од Конвенцијата од 1951 година и / или Протоколот за статусот на бегалците, УНХЦР, страна 2, достапно на: http://www.unhcr.org/publications/legal/3d58ddef4/guidelines-international-protection--1gender-related-persecution-context.html

[3] Прирачник за дефиниција на клучни термини поврзани со род, Канцеларија за координација на хуманиратни прашања, достапно на https://docs.unocha.org/sites/dms/Documents/GenderToolkit1_2_GenderDefinitionsandMandates.pdf

[4] Протокол за утврдување на постапката за постапување во случаи за заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет донесен врз основа на член 24 став 1 точка 12 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

**РОДОВАТА ИНТЕГРАЦИЈА (ЕДНАКВОСТ)** е глобално признаена стратегија за постигнување на родова еднаквост. Се дефинира како „процес на проценување на импликациите врз жените и мажите од секоја планирана акција, вклучувајќи го и законодавството, политиките или програмите, во сите области и на сите нивоа.

Тоа е стратегија за правење на проблемите и искуствата на жените и мажите интегрална димензија во проектирањето, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата на политиките и програмите во сите политички, економски и општествени сфери, така што жените и мажите има корист подеднакво и нееднаквост не е засилена. Крајната цел е да се постигне родова еднаквост»[5]. Поедноставено, родовата еднаквост се спроведува во рамките на секое поле на работа, за да бидете сигурни дека подеднакво имаат корист и жените и мажите.[6]

**ДИСКРИМИНАЦИЈАТА**, како што се користи во Пактот за граѓански и политички права, го имплицира секое разликување, исклучување, ограничување или давање предност што се базира врз која било основа како што е: раса, боја на кожа, пол, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, имот, раѓање или друг статус, и кое има за цел или ефект на поништување или намалување на признавањето, уживањето или практикувањето на сите лица, врз основа на еднаква основа, на сите права и слободи”[7].

**ПОЛОВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** е секоја разлика, исклучување или рестрикција направена врз основа на пол што резултира или има цел да наштети или да го поништи признавањето или уживањето од страна на жените, без оглед на нивниот брачен статус, а врз основа на еднаквоста на мажите и жените, на човековите права и основни слободи во политичко, економско, социјално, културно, граѓанско или било кое друго поле.[8]

**СЕКСУАЛНАТА ОРИЕНТАЦИЈА И РОДОВИОТ ИДЕНТИТЕТ** се широки концепти кои оставаат простор за самоидентификација. Истражувањата во текот на неколку децении покажале дека сексуалната ориентација може да се движи по континуумот, вклучително ексклузивна и не-ексклузивна атракција на ист или спротивен пол. Родовиот идентитет и неговиот израз може да има многу форми, некои од поединците може да се идентификуваат ниту како машко ниту како женско,

[5] Економскиот и социјален совет на Обединетите нации (ECOSOC), во договорените заклучоци 1997/2, достапна на: http://www.un.org/womenwatch/osagi/pdf/ECOSOCAC1997.2.PDF

[6] Повеќе може да прочитате страната на Европскиот институт за родова еднаквостна: http://eige.europa.eu/gender-mainstreaming/what-is-gender-mainstreaming?lang=en (пристапено на 30.08.2016)

[7] Комитетот за човекови права на ОН, CCPR Општ коментар бр 18: недискриминација, 10 ноември 1989 година,пара. 7, достапен на: http://www.unhcr.org/refworld/docid/453883fa8.html (пристапено на 27.09.2016)

[8] Член 1, Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација против жената, достапна на http://www.un.org/womenwatch/daw/cedaw/text/econvention.htm (пристапено на 26.08.2016)

или пак и двете. Дали една сексуална ориентација е детерминирана, меѓу другото, генетски, хормонално, развојно, социјално и/или преку културни влијанија (или нивна комбинација), повеќето луѓе доживуваат мала или никаква можност за избор на нивната сексуална ориентација.

Додека за повеќето луѓе сексуалната ориентација или родовиот идентитет се детерминирани во рана возраст, за други, тие може да продолжат да се развиваат низ текот на целиот живот на индивидуата. Различни луѓе во различни периоди во нивните животи разбираат дека се ЛГБТИ и нивното сексуално и родово изразување може да варира со возраста, и други социјални и културни детерминанти[9].

Насилство против жени е секој акт на родово-базирано насилство кој резултира или е веројатно дека ќе резултира со физичко, сексуално или психолошко наштетување или страдање на жената, вклучувајќи закани за вакви акти, изнудување или арбитрерно лишување од слобода, без оглед дали се случува во јавниот или приватниот живот.[10]

**РОДОВО-БАЗИРАНО НАСИЛСТВО КОН ЖЕНАТА** е насилство кое е насочено кон жена поради тоа што е жена, или кое им влијае на жените диспропорционално.[11] Родовата базираност на овој поим го потенцира фактот дека ова насилство е одраз на нееднаквост на моќта помеѓу мажите и жените.

Овој вид насилство е кршење на човековите права на жената и форма на дискриминација на жената. Со родово базираното насилство се кршат правото на живот, правото никој да не биде подложен на тортура и нечовечки или деградирачки третман или казна, правото на здравје, правото на еднаква заштита пред законот.

Родово- базираното насилство може да биде физичко (пр. удирање, буткање, давење, употреба на оружје), сексуално (пр. силување и други форми на сексуален напад, присилен брак, присилен абортус),психолошко (пр. закани, навреди), економско (пр.забрана на жената да работи, исклучување на жената од финансиско планирање и носење одлуки).

Жртви на родово базирано насилство може да се богати или сиромашни, образовани или неписмени, во брак, вдовци или самци. Се

[9] Упатство за меѓународна заштита бр. 9: Побарувања на статусот на бегалците врз основа на сексуална ориентација и /или родов идентитет во контекст на член 1А (2) од Конвенцијата од 1951 и / или нејзиниот Протокол од 1967 за статусот на бегалци, достапно на: http://www.unhcr.org/50ae466f9.pdf (пристапено на 27.09.2016)

[10] Декларација на ОН за елиминација на насилство врз жена, 1993, достапно на: http://www.un.org/documents/ga/res/48/a48r104.htm (посетено на 28.08.2016)

[11] Генерални препораки бр. 19 на CEDAW, достапно на: http://www.un.org/womenwatch/daw/cedaw/recommendations/recomm.htm (пристапено на 26.08.2016)

проценува дека најмалку една од три жени[12] на глобално ниво доживеале насилство во нивниот живот.

Согласно Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејно насилство (позната како Истанбулската Конвенција), обрска е на државите да го решат целосно, во сите негови форми и да се преземат мерки за спречување на насилството врз жените, заштита на жртвите и гонење на сторителите. Секој неуспех да се стори тоа е исто така одговорност на државите. Конвенцијата не остава простор за сомнеж, не може да има вистинска рамноправност меѓу жените и мажите, ако жените доживуваат родово насилство во голем обем и државните институции не превземаат никакви мерки за негово сузбивање[13].

## ФОРМИ НА РОДОВО- БАЗИРАНО НАСИЛСТВО:

// Домашно насилство

// Сексуално вознемирување на улица

// Сексуално вознемирување на работно место

// Психичко насилство

// Физичко насилство

// Сексуално насилство и силување

// Демнење

// Присилни бракови и продажба на сопруги

// Малолетнички бракови

// Присилен абортус и присилна стерилизација

// Женско генитално осакатување

Штетни традиционални практики се културолошки, општествени и религиозни обичаи и традиции кои можат да бидат штетни за човековото ментално или физичко здравје. Најмногу застапени форми кои ги повредуваат жените и женските деца се: женско генитално осакатување, малолетнички бракови, убиство во име на „честа“, женско чедоморство, рамнење на градите, присилно хранење, продавање на невести итн.

[12] http://www.unwomen.org/en/digital-library/multimedia/2015/11/infographic-violence-against-women (пристапено на: 26.09.2016)

[13] Повеќе за Истанбулстака конвенција може да најдете на: https://rm.coe.int/CoERMPublicCommonSearchServices/DisplayDCTMContent?documentId=090000168046031c (пристапено на: 26.09.2016)

**ОПШТИ ПРОБЛЕМИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД РОДОВАТА НЕЕДНАКВОСТ:**

- Нееднаквост во политичка моќ (пристап до носење одлуки, претставувањето и сл.)
- Нееднаквост во домаќинствата
- Разлики во правниот статус и овластувања
- Родова поделба на трудот во економијата
- Нееднаквост во домашниот/неплатениот сектор
- Насилство врз жените
- Дискриминаторски ставови

# /// АЗИЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Правото на азил во Република Македонија е уставно гарантирано право[14]. Барател на право на азил е странец кој бара заштита од Република Македонија и поднел барање за признавање на право на азил, за кое не е донесена конечна одлука, во постапката за признавање право на азил[15]. Правото на азил е меѓународна заштита, што Република Македонија ја дава под услови и постапка предвидени со закон, на следниве категории лица:

**-ПРИЗНАЕН БЕГАЛЕЦ (БЕГАЛЕЦ ПО КОНВЕНЦИЈАТА ЗА СТАТУСОТ НА БЕГАЛЦИТЕ ОД 1951 И ПРОТОКОЛОТ ЗА СТАТУСОТ НА БЕГАЛЦИТЕ ОД 1967 ГОДИНА) И**

**- ЛИЦЕ ПОД СУПСИДИЈАРНА ЗАШТИТА“[16]**

[14] Член 29 од Уставот на РМ-„Странците во Република Македонија уживаат слободи и права гарантирани со Уставот, под услови утврдени со закон и меѓународни договори. Републиката им гарантира право на азил на странците и на лицата без државјанство, прогонети заради демократско политичко уверување и дејствување... “

[15] Член 3, Закон за азил и привремена заштита на Република Македонија

[16] Член 2 –Право на азил од Закон за азил и привремена заштита

## НАМЕРА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ БАРАЊЕ ЗА ПРАВО НА АЗИЛ

- // Според измените на Законот за азил и привремена заштита (од јуни 2015 година), лицето поднесува намера за поднесување на барање за признавање право на азил на граничен премин или во внатрешноста на територијата на Р.М.
- // Оваа намера може да се искаже усно или писмено пред полициски службеник на МВР.
- // Полицискиот службеник ги прибележува личните податоци и му издава примерок од потврдата за искажаната намера.
- // Полицискиот службеник го упатува во рок од 72 часа да поднесе барање за азил пред овластено службено лице во просториите на Одделението за азил кои се наоѓаат во ПЦ за баратели на азил.
- // ПЦ обезбедува сместување за барателите на азил, храна и основна здравствена заштита. Центарот е од отворен тип. Во центарот има и служби кои се грижат за ранливите категории лица.
- // Доколку лицето не поднесе барање за азил во дадениот рок, со него се постапува согласно прописите за странците.

Признаен бегалец е странец за кој по испитување на неговото барање е утврдено дека е лице кое поради оправдан страв дека ќе биде прогонето заради својата раса, вера, националност, припадност на одредена социјална група или поради своето политичко уверување, е надвор од државата чиј државјанин е и не може, или поради таков страв, не сака да биде под заштита на таа држава или кое доколку е без државјанство е надвор од државата во која имало вообичаено место на престој, не може или поради таков страв не сака да се врати во неа[17].

Дела на прогонување, во смисла на членот 1А од Конвенцијата за статусот на бегалците од 1951 година, мора да бидат доволно тешки по својата природа или повторување за да претставуваат сериозна повреда на основните човекови права, а особено оние права кои не можат да бидат ограничени во согласност со членот 15 став 2 од Европската конвенција за заштита на човековите права и на основните слободи или да претставуваат збир на различни мерки кои вклучуваат и повреди на човековите права што е доволно сериозно за да влијае врз еден поединец на сличен начин.

Делата на прогонување можат, меѓу другото, да имаат форма на: дела на физичко или ментално насилство, вклучувајќи и дела на сексуално насилство, законски, административни, полициски и/или судски мерки што самите по себе се дискриминаторски, или што се спроведуваат на дискриминаторски начин, кривично гонење или казнување кое е непропорционално или дискрими-

[17] Член 4, Закон за азил и привремена заштита на Република Македонија

наторско, лишување од судска заштита што резултира во непропорционална или дискриминаторска казна, кривично гонење или казнување поради одбивање на извршување на воена служба за време на конфликт, во случаи кога исполнувањето на воената служба би значело учество во криминални дела, или дела што потпаѓаат под причините за исклучување, утврдени со закон, како и дела кои по својата природа се врзани за пол или деца.

На малолетни лица без придружба, лица со пречки во менталниот развој и процесно неспособни лица, кои имаат потреба од заштита согласно македонското законодавство ќе им се определи старател, што е можно побрзо, согласно со Законот за семејството. На старателот му се овозможува да го информира малолетното лице без придружба за значењето и можните последици од сослушувањето, како и да може активно да учествува во текот на сослушувањето на малолетното лице без придружба спроведено од страна на овластеното службено лице од Секторот за азил.

Малолетно лице без придружба е странец кој не навршил 18 години, а пристига на територијата на Република Македонија без придружба на застапникот по закон, или останал без таква придружба откако влегол на територијата на Република Македонија. Најдобрите интереси на детето, пред се, ќе бидат земени предвид при оценување на барањата за признавање право на азил на малолетни лица без придружба.

При примената на законските одредби, посебните потреби на ранливите лица, кои се баратели на право на азил, признаени бегалци, лица под супсидијарна заштита или лица под привремена заштита, мора да бидат земени предвид. Ранливи лица, во оваа смисла се процесно неспособни лица, малолетни лица, малолетни лица без придружба, тешко болни лица, лица со пречки во развојот, стари лица, бремени жени, самохрани родители со малолетни деца, жртви на трговија со луѓе и лица кои биле изложени на мачење, силување или други тешки форми на психолошко, физичко или сексуално насилство.

Посебните потреби на ранливите лица се утврдат по пат на индивидуална процена на нивната состојба од страна на надлежната јавна установа за социјална заштита. При сместувањето и задоволувањето на стандардот на живеење на овие лицата се земаат во предвид нивната состојба со обезбедување соодветна здравствена, психо-социјална и друга помош. Законот недвосмислено укажува на неопходно при оцена на барањето за признавање право на азил да се имаат предвид облиците на прогонување специфични за половата припадност.

# /// РОДОВИ АСПЕКТИ НА АЗИЛОТ И МИГРАЦИИТЕ

Мажите и жените се изложени на различни видови на ризици и ранливост во текот на различните фази на миграција. Поради нивниот статус во општество и нивниот пол, жените и девојките се особено подложни на дискриминација и сексуално и родово насилство - што може да биде основа за бегство - и да имаат специфични потреби за заштита, кои може да бидат занемарени во прием во земјата транзит или дестинација.

Покрај тоа, неуспехот да се земат во предвид родовите прашања во системите за азили при креирање и имплементирање на системите за локална интеграција може да доведе до дискриминациски резултати. Други фактори, вклучувајќи возраст и сексуална ориентација, исто така влијаат на ранливоста и потребите.

Гледано историски, дефиницијата на бегалец се толкува врз основа на машките искуства и затоа многу барања за азил од страна на жени и хомосексуалци не беа признаети. Меѓутоа, во изминатата деценија, подеталната анализа и разбирање на поимите пол и род во контекст на бегалците, доведе до значителен напредок пред се во судската практика.[18]

Иако родот не е посебно наведен во дефиницијата на бегалец, широко прифатено е дека истиот може да влијае или да го диктира видот на прогон или претрпената штета, како и причините за третман. Дефиницијата на бегалец, правилно толкувана, ги опфаќа барањата поврзани со родот, поради што многумина сметаат дека нема потреба да се додаде дополнителна основа за дефинирање во Конвенцијатаза заштита на бегалците од 1951.

Прогон поврзан со родот е термин кој се користи за да опфати на спектар на различни основи во кој полот игра релевантна улога при утврдување на статус на бегалец[19]. Прогонот може да настане како резултат на родово- дискриминаторски закони во земјата на потекло или од културно прифатените облици на насилство врз жените, како и семејно насилство, осакатување на женски гениталии, или убиства за "чест", за кои жените не се во можност да бараат заштита од својата држава.

[18] Упатство за меѓународна заштита во врска со родовите аспекти на прогонство во контекст на член 1А (2) од Конвенцијата од 1951 и / или Протокол од 1967 година во врска со статусот на бегалците, достапно на: http://www.unhcr.org/3d58ddef4.pdf (пристапено на 01.09.2016)

[19] Упатство за меѓународна заштита во врска со родовите аспекти на прогонство во контекст на член 1А (2) од Конвенцијата од 1951 и / или Протокол од 1967 година во врска со статусот на бегалците, страна2, достапно на: http://www.unhcr.org/3d58ddef4.pdf (пристапено на 01.09.2016)

## ОСОБЕНО РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА СЕ:

- // Девојчиња
- // Вдовици
- // Самохрани мајки
- // Бремени жени и доилки
- // Девојчиња кои малолетни стапиле во брак
- // Жени кои веќе биле жртви/преживеале сексуално и родово базирано насилство
- // Стари и изнемоштени лица
- // Лица во тешка здравствена состојба
- // Лица со посебни потреби

### // ПРОБЛЕМИ И РИЗИЦИ ЗА БЕГАЛЦИТЕ КАКО РЕЗУЛТАТ НА ДИСКРИМИНАТОРСКИ ПРАКТИКИ //

| **Во земјата на потекло** (како причина за страв од прогон) | **За време на бегањето/патувањето** | **Во земјата на заштита** (земјата каде се бара азил) |
|---|---|---|
| Родова нееднаквост | Патување во преполни возови,камиони, бродови без соодветна заштита | Сместување во прифатни центри со несоодветни основни услови |
| Семејно насилство | Раздвојување на семејството | Оневозможен (непосреден) пристап до храна, вода и сл.; немање лични документи |
| Сексуално и родово базирано насилство како воена тактика | Трговија со луѓе | Немање соодветен надзор во прифатните центри/кампови |
| Киднапирање | Губење на личните документи | Привор во несоодветни услови |
| Принудна проституција | | Злоупотреба на службена должност |
| Присилна стреилизација | | Оневозможен пристап до постапка, правна помош и право на жалба |
| Принудни бракови и рано стапување во брак | | Јазична и културолошка бариера |
| Штетни традиционални обичаи | | |
| Социо-економско насилство | | |

Жените и девојките бегалки и мигрантки бегаат од дискриминација и насилство. Во самото барање на спас се соочуваат со ризици од дополнително насилство- физичко, психичко, сексуално насилство, трговија со луѓе итн.

Сексуалното насилство е еден од најприсутните закани за жени и девојките при користењето на нерегуларни патишта кон и низ Европа, особено оние кои патуваат сами или се без поддршка. Сексуално и родово базирано насилство во земјите на потекло, како што е силување и други форми на насилство, е многу често во конфликтни подрачја, пред се врз жените. Постојат бројни извештаи кои укажуваат на вакви состојби, на бегалките од Сирија во соседните земји[20].

Девојките и жените може да бидат изложени на ризик од женско генитално осакатување[21] и принудени на рано стапување во брак[22], вклучително и во "безбедните" земји. Овој тип на насилство е поне" когаш цврсто вкоренет во културолошките аспекти на одредени нации.

Семејното насилство се зголемува во случаите каде родовите улоги можат да бидат оспорени како резултат на губење на самодовербата кај мажите, иако не исклучиво, што може да доведе до зголемување на насилството врз жените и децата. Согласно проценката на УНХЦР и УНФПА[23] значителен број на бегалци, како најранливи жените и децата, се принудени на „секс за преживување «, обезбедување на сексуални услуги во замена за продолжување на своето патување, безбеден премин за себе или за нивните семејства или за да добијат потребна документација и друга помош.

Во извештај од февруари 2016 година[24], Еуропол објави дека над 90% од бегалците и мигрантите пристигнати во ЕУ, тоа го имаат сторено користејќи шверцери со цел да стигнат до посакуваната дестинаə ција, и многу од овие се исто така жртви на трговија со луѓе. Бегалците и мигрантите се најранливите групи подложни на трговија со луѓе, а меѓу нив, жените и девојките се најмногу изложени на ризик и

[20] „Сириската криза - Димензии на родовото насилство против сириските бегалци во Либан„, достапно на: http://www.fmreview.org/detention/anani.html (пристапено на 26.09.2016)

[21] УНИЦЕФ (2016). Осакатување на женски гениталии / Сечење: Глобална загриженост, достапно на: http://www.unwomen.org/en/what-we-do/ending-violence-against-women/facts-and-figures#notes (пристапено на 07.09.2016)

[22] „Скрши ја тишината: Надеж за нов живот", УНФПА, достапно на: http://www.unfpa.org/sites/default/files/resource-pdf/UNFPA-Pictorial%20Book-Eng-pages-29-4-2015.pdf и „Крај на бракот за децата во Африка- отворање на вратата за образование, здравство за девојките и слобода од насилство", достапно на https://www.hrw.org/news/2015/12/09/ending-child-marriage-africa, (пристапено на 07.09.2016)

[23] Иницијален извештај за проценка: Ризици при заштита на жени и девојки во европскатабегалска и мигрантска криза, УНХЦР и УНФПА, достапно на: http://www.unhcr.org/569f8f419.pdf (пристапено на 07.09.2016)

[24] „Криумчарење мигранти во ЕУ", Февруари 2016, достапно на: https://www.europol.europa.eu/content/migrant-smuggling-eu (пристапено на 07.09.2016)

најподложни на сексуално експолатирање.

Согласно извештаи на Амнести Интернешнл, сексуалното малтретирање се појавува во транзитни кампови и прифатни центри, особено надвор од Европа. Малтретирање и навреди биле документирани против жени бегалки и мигрантите- од други мигранти и од страна на јавните службеници или вработени во прифатни или центри за притвор.

Жените и девојките, сами или заедно со децата се чувствуваат особено  под притисок и закани во транзитни области и кампови, каде што ризиците се зголемуваат при пренатрупаност и недостаток на одвоени простории за спиење или сегрегирани санитарни јазоли, недоволно осветлување, зголемено ниво на стрес итн.[25] Според проценката направена од страна Агенцијата на ОН за жени, специфични предизвици во транзитните центри во Македонија и Србија вклучуваат одвоен живот, психо-социјална стрес и траума, здравствени компликации, физички повреди, ризик од злоупотреба и родово- базирано насилство.

Јазичните бариери и културните фактори, во комбинација со намера на барателките на азил да се движат понатаму низ транзитните земји што е можно побрзо, ја отежнуваат можноста овие проблеми да се адресираат, ранливите групи да се идентификуваат, и соодветна заштита и поддршка да се обезбеди[26].

За жените и девојките особено, родово базираното насилство може да има сериозни последици. Многу често тие не сакаат да го пријават насилството поради срам, социјална стигма и «донесен срам» на нивните семејства. Тие исто така може да ризикуваат и дополнително физичко и сексуално насилство при самото известување.

[25] „Женски бегалки се соочуваат со физичко насилство, експлоатација и сексуалната злоупотреба на своето патување низ Европа“, Извештај на Амнести Интернешнл, достапно на: https://www.amnesty.org/en/latest/news/2016/01/female-refugees-face-physical-assault-exploitation-and-sexual-harassment-on-their-journey-through-europe/ (пристапено на 07.09.2016)

[26] „Проценка на родовите аспекти на бегалската криза во Србија и Република Македонија“, достапно на: http://eca.unwomen.org/en/digital-library/publications/2016/01/gender-assessment-of-the-refugee-and-migration-crisis-in-serbia-and-fyr-macedonia (пристапено на 27.09.2016)

## ФИЗИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ (СОГЛАСНО СВЕТСКАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА- 2013):

- Суицидални мисли
- Употреба на алкохол и други супстанции
- Необјаснети хронични гастроинтестинални симптоми
- Необјаснети репродуктивни симптоми, вклучувајќи пелвична болка , сексуална дисфункција
- Несакани репродуктивни резултати, вклучувајќи и повеќекратна несакана бременост и / или абортус , одложена грижа за време на бременост, раѓање со несакани исходи
- Необјаснети генитоуринарни симптоми , вклучувајќи чести инфекции на мочниот меур или бубрезите или други
- Повторно вагинално крварење и сексуално преносливи инфекции
- Хронична болка ( необјаснета )
- Трауматски повреди , особено ако се повторува насилството
- Проблеми со централниот нервен систем - главоболки, когнитивни проблеми, губење на слухот
- Регуларни здравствени консултации без јасна дијагноза
- Наметлив партнер при консултации

## БИХЕВИОРАЛНИ ПОКАЗАТЕЛИ (СОГЛАСНО СВЕТСКАТА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА- 2013):

- Употреба на алкохол и други супстанции
- Жртвата се обидува да ги прикрие повредите или да ја минимизира нивната мера
- Партнерот секогаш присуствува непотребно за време на здравствени консултации
- Жртвите не сакаат да зборуваат пред партнерот
- Непочитување на  дадениот третманот
- Често пропуштање на закажани термини

- Повеќекратни повреди на различен степен на заздравување
- Жртвата делува уплашена, премногу вознемирена или депримирана
- Жртвите се потчинети на својот партнер или се плашат да зборуваат пред својот партнер
- Партнерот е агресивен и доминантен
- Слабо или непосетување на антенатални клиники
- Рано само-отпуштање од болница

## ПОСТАПУВАЊЕ И УПАТУВАЊЕ НА ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО:

- Давателите на услугите на жртвите на родово насилство мора да се осигураат дека им се обезбедува доверлива, достапна, внимателна и соодветна медицинска грижа.
- Следење на здравствената состојба
- Превенција од заболување, вклучувајќи СПИ/ХИВ како и превенција од несакана бременост
- Прибирање на минимални форензички докази
- Медицинска документација и следење на здравствената состојба
- Давање на емоционална подршка
- Психо-социјални услуги
- Услуги за реинтеграција
- Правни, услуги од областа на домувањето, судски и други услуги
- Релевантни агенции (како МТСП за назначување на социјални работници, Меѓународни организации и НВОи).

# /// ФЕНОМЕНОТ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Како и нелегалната трговија со оружје, трговијата со дрога, перењето пари и тероризмот, трговијата со луѓе претставува форма на модерен организиран криминал.Трговијата со луѓе се оценува како една од најсериозните повреди на човековите права, на дигнитетот и интегритетот на луѓето. Тоа е модерна форма на ропство, а како глобален феномен вклучува широко подрачје на земји на потекло, земји натранзит и земји на дестинација.

Република Македонија може да се јави како земја на транзит, секако не исклучувајќи ја и како земја на дестинација, но и како земја на потекло. Трговијата со деца е најзастапена, а внатрешната трговија во земјава има тенденција на зголемување[27]. Како податок, се издвојува најчестото место на експлоатација на жртвите кое е лоцирано од источна кон западна Македонија.

**ЕЛЕМЕНТИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ СЕ:**

| | |
|---|---|
| **АКТИВНОСТИ** | (врбување, превезување, пренесување, засолнување или прифаќање на лица), |
| **СРЕДСТВА** | (закана, употреба на сила, киднапирање, измама, злоупотреба на моќ, состојба на немоќ, примање или давање пари, пренесување-транспорт) |
| **ЦЕЛ** | (експлоатација заради стекнување на материјална корист). |

Постојат **3 групи на фактори** за појава на овој феномен:

1. **ПОТТИКНУВАЧКИ ФАКТОРИ** (*тешки животни ситуации – бездомништво, бегалци итн, сиромаштија и недостаток на можности за вработување, понижувачки услови за живот, полова дискриминација при вработување или во општеството, брак, работа и тоа најчесто добро платена работа, студирање, туризам*)

2. **ПОМОШНИ ФАКТОРИ** (*побарувачка за ефтина работна сила поготово млада работна сила, огромен профит на трговците*)

3. **ОЛЕСНУВАЧКИ ФАКТОРИ** (*војни, криумчарење на луѓе оружје и дрога, лесен илегален трансвер преку граници, слаби механизми за спроведување на законска регулатива*).

[27] Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе, достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/nacionalen-mehanizam-za-upatuvanje-na-zrtvi-na-trgovija-so-lugje.nspx (пристапено на 27.09.2016)

# /// ИНДИКАТОРИ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ЖРТВИТЕ

За да се утврди постоење на трговија со луѓе потребни се елементи и индикатори по кои полесно би се препознале жртвите. Индикаторите претставуваат листа на «индиции»/“показатели“/“знаци“ кои укажуваат на можно постоење на трговија со деца, а преку нив се собираат информации за процесот на регрутација, транспорт и експлоатација на детето жртва на трговија со луѓе.

**ИНДИКАТОРИТЕ ЗА ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ДЕЦА ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ СЕ ПОДЕЛЕНИ ВО ДВЕ ГРУПИ:**

**1.** *Директни индикатори* се однесуваат на трите елементи од дефиницијата на трговијата со луѓе, (со исклучок на деца за кои не е потребно да постојат индикатори кои упатуваат на присуство на средствата). Директните понатаму се делат на општи и специфични индикатори (кои впрочем се наменети за идентификација на жртви на ТЛ, според видот на трговијата, но истите се разликуваат за возрасни лица и деца жртви на трговија со луѓе.)

*Општи индикатори* може да значат дека лицата се жртви на трговија со луѓе. Тие се општи по природа, и не се применливи за сите видови трговија со луѓе. Тука спаѓаат: возраст, пол, локација на потекло,транзит и дестинација, документација, превоз, придружба и физички изглед.

*Специфичните индикатори се делат на:* сексуална експлоатација (возраст под 30 години,одредени тетоваѓи кои укажуваат на сопственост,постојано ја менуваат локацијата,пронајдени се во ноќни клубови,присилени се да даваат сексуални услуги и др.), трудува експлоатација (лицата жртви на трговија со луѓе за цели на трудова експлоатација  работат: на сточарски фарми/бачила, земјоделски или градежни работи, плантажи, текстилна индустрија, фабрики, погони, рудници, приват-

ни домови/услуги за чистење и одржување, салони за мал сажа, ноќни клубови, угостителски објекти итн.), питачење и ситен криминал (лица на различна возраст: особено деца или возрасни лица, лица со хендикеп, мигранти питачат/вршат ситни кражби), домашно слугување (живеат во семејствата каде се експлоатирани,се хранат одделно од членовите на семејството и јадат остатоци од храна, спијат во несоодветни услови, малтретирани се и навредувани), присилни бракови (малолетнички или договорени бракови) и посвојување (не поседување на соодветна документација како извод на родени, книшка за следење на бременост, договорена продажба на дете, измама на мајката дека детето е починато и др.)

**2.**
*Индиректни индикатори*

– содржат одредени, непотполни и комбинирани информации, кои не се доволни за да се идентификуваат жртвите на трговија и се однесуваат на идентификација на потенцијални жртви на трговија со луѓе. Кај потенцијалните жртви на трговија со луѓе најчесто недостасува елементот на присилба или пак нема доволен број на докази. Како индиректни се идентификуваат потенцијалните жртви на трговија со луѓе кои треба да имаат исти права и ист третман како и жртвите на трговија со луѓе.

# /// СТАНДАРДНИ ОПЕРАТИВНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ (СОП2010[28]-)

**СОП** за постапување со жртви на трговија со луѓе, уредуваат постапки, процедури и начини на обезбедување на помош и заштита на еден сеопфатен приод, заснован врз човекови права и насочен кон жртвата во форма на институционална рамки за соработка на локално, национално и транс-национално ниво.

**СОП** содржат пет процедури: Идентификација и упатување; првична грижа и среднорочна помош; враќање; реинтеграција; и кривична постапка. Секоја процедура содржи насоки за тоа: кои мерки треба да се спроведат; кога мерките ќе се спроведат; кој ќе биде одговорен за предложените мерки; и како ќе се спроведат мерките.

**ЖРТВА**[29]: Секое лице кое било предмет на врбување, превезување, пренесување, купување, продавање, засолнување или прифаќање заради експлоатација по пат на проституција или други форми на сексуална експлоатација, порнографија, принудна работа или слугување, ропство,присилни бракови, присилна бременост, незаконито посвојување или нему сличен однос, питачење или експлоатациј азав ради со закон забранета активност или недопуштено пресадување делови од човековото тело.

**ПОТЕНЦИЈАЛНА ЖРТВА**[30]: Секое лице кое врз основа на околностите во кои е пронајдено, и постоење на факти кои наведуват на постоење на разумно сомнение дека е предмет на трговија со луѓе.

[28] Повеќе информации се достапни на: http://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/operativni.pdf (пристапено на 09.09.2016)

[29] Согласно СОП, жртва на ТЛ претставува жртва на кривично дело Трговија со луѓе инкриминирано во член 418-а и 418-г од КЗ. Жртва на кривично дело како поим е дефинирано во член 122 став 22 од КЗ и подразбира секое лице кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментанла повреда, емотивно стравување, материјална загуба, друга повреда или загрозување на неговите основни слободи и права како последица на стореното кривично дело.

[30] Во СОП-от се користи друга терминологија – претпоставена жртва на ТЛ. Тоа е лице за кое постојат индиции дека е жртва на ТЛ но формално не е идентификувано од страна на надлежен орган.

Национален механизам за прифаќање и упатување на жртви на ТЛ[31]: претставува систем за соработка преку кој надлежните институции и организации (МТСП, МВР, НВО и МО) дејствуваат на територија на РМ на полето на превенција заштита и упатување на жртви на ТЛ. Канцеларијата на Националниот механизам функционира во рамки на МТСП-Сектор за еднакви можности.

# /// За авторите и организацијата

**ВЕРА МАРТИНОСКА** дипломира на правниот факултет во Скопје во 2009 година. Активно е вклучена во невладиниот сектор. Веќе три години работи во Македонското здружение на млади правници, во моментов на позицијата правник за азил и мешани миграции на проектот поддржан од УНХЦР- Правна помош и застапување лица од интерес. Како дел од работните задачи, таа е одговорна за постапување и пристап до постапка за жени бегалки, за што зела учество во повеќе обуки, тренинзи и семинари.

**МАРТИНА СМИЛЕВСКА- КЧЕВА** е програмски менаџер на Програмата за права на бегалци и мигранти во рамките на Македонското здружение на млади правници (МЗМП). Таа е активно вклучена во граѓанското општество во Македонија, а во 2013 година беше избрана за претседател на МЗМП. Таа е дипломиран правник и магистер по меѓународни односи со специјализација во решавање на конфликти. Мартина активно спроведува истражувања во областа на човековите права и владеењето на правото, со посебен фокус на присилната миграција.

**МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ (ПОНАТАМУ ВО ТЕКСТОТ МЗМП)** е основано во 2004 година во отсуство на слична форма на самоорганизирање помеѓу младите правници. Во период на реформа на целокупниот судски систем, убедени дека истата ќе биде успешна единствено ако паралелно се развива потенцијалот на младите, МЗМП презема одговорност да придонесе кон професионалната трансформација на младите правни кадри, кои понатаму ќе придонесат во ефективна имплементација на судските реформи и владеењето на правото во земјата.

[31] Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе, достапно на: http://www.mtsp.gov.mk/nacionalen-mehanizam-za-upatuvanje-na-zrtvi-na-trgovija-so-lugje.nspx (пристапено на 27.09.2016)

Сопствената мисија МЗМП ја остварува преку овозможување на постојана поддршка на младите правници кои учествуваат во различни проектни активности насочени кон унапредување на нивната правна експертиза. Дополнително, МЗМП се залага за лесен и достапен пристап до правда на граѓаните и други лица, овозможувајќи им про боно правна помош за заштита на човековите права и слободи, како и поддршка на маргинализираните групи во заедницата.

МЗМП овозможува експертиза и поддршка во стратешко застапување за човековите права преку овозможување на правна помош како пред домашни, така и пред меѓународни тела за заштита на истите. Примарен интерес на МЗМП е промоција на принципите и правата предвидени со Европската конвенција за правата на човекот преку застапување на одредени случаи пред Европскиот суд за човекови права.

На овој начин сметаме дека придонесуваме кон поголемо почитување и примена на меѓународно прифатените стандарди за промоција и заштита на основните човекови права и слободи. Здружението спроведува голем број на проектни активности врзани со заштита на човековите права, како недискриминација, слободен пристап до информации, бесплатна правна помош, лица без државјанство и миграција, итн.

Сите активности на МЗМП се водени од принципот *Iuventus cupida legume* (млади желни за право).

**Македонско здружение на млади правници**
ул. Златко Шнајдер 4А / 1-3, Скопје, Република Македонија
Телефон/ Факс: + 389 2 3220 870
contact@myla.org.mk
www.myla.org.mk